Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 02-546
10.06 2025 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на чл.77-е, чл.77-ж и чл.77-з од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24), согласно член 21 од Законот за работни односи - Пречистен текст („Сл.Весник на РСМ бр.167/2015 и 27/16“), член 13 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Македонски народен театар – Скопје, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување за давателите на јавни услуги во НУ Македонски народен театар - Скопје, Записникот од Комисијата за аудиција бр.02-538 од 09.06.2025 година и Предлог - Одлуката на Комисијата под бр. 02-545 од 10.06.2025 година, директорот на НУ Македонски народен театар - Скопје, на ден 10.06.2025 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За избор на кандидат за вработување
по јавен оглас бр.02-430/2 од 15.05.2025 година

1.По јавниот оглас бр.02-430/2 од 15.05.2025 година за вработување на 1 (едно) лице на работно место Актер четврта група со шифра на работно место КУЛ 03 04 А06 001, на неопределено време во ансамблот на Националната Установа Македонски народен театар - Скопје, избран е следниот кандидат:

1.Григор Јовановски

2.Врз основа на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување и со избранот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише Договор за вработување на неопределено време.
3.Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

НУ Македонски народен театар - Скопје врз основа на член 76-а, 76-б, 76-в член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24), согласно член 21 од Законот за работни односи - Пречистен текст („Сл.Весник на РСМ бр.167/2015 и 27/16“), а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време бр.02-430/1 од 15.05.2025 година, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во НУ Македонски народен театар - Скопје бр.04-150 од 22.02.2021 година, Правилникот за спроведување на аудиција и реаудиција во НУ Македонски народен театар - Скопје заведен под бр.02-424/1 од 14.05.2025 година и Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-3164/2 од 12.05.2025 година, на ден 15.05.2025 година објави Јавен оглас за вработување на неопределено време со број 02-430/2 од 15.05.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Вечер“ на македонски јазик и „Коха“ на албански јазик за вработување на еден (1) извршител за работно место Актер четврта група со шифра на работно место КУЛ 03 04 А06 001 на неопределено време. По извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и по спроведената аудиција на ден 09.06.2025 година со почеток во 10:00 часот од страна на Комисијата за

аудиција, Записникот од аудицијата со бр.02-538 од 09.06.2025 година и Предлог – Одлуката за избор на кандидат од страна на Комисијата за аудиција со бр.02-545 од 10.06.2025, имајќи го предевид горенаведеното, директорот одлучи како во дизпозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена од приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Македонски народен театар - Скопје.

Доставено до:
Архива и
Кандидати
Огласна табла и веб страна

НУ Македонски народен театар - Скопје
Директор
Никола Кимовски